СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Шеесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 20 март 1997 година

Скопје, март 1997 година

**62-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 20 МАРТ 1997година**

ДНЕВЕН РЕД НА СТР.12

точка 1 на стр.3

седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од 62-та седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 20 март 1997 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија сала 1, со почеток во 19,50 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас отворам 62-та седница на Собранието на Република Македонија.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Записникот од 60-тата седница на Собранието ви е доставен.

Дали некој од пратениците има забелешка на Записникот.

(Нема)

Констатирам дека Записникот од 60-та седница на Собранието е усвоен без забелешки.

Комисијата за прашањата на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Економскиот факултет во Прилеп,

Предлогот Ви е поделен.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (77)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

I/2.- ДВ-ЉР

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Верификација на мандатот на пратеникот во Собранието на Република Македонија;

2. Предлог за именување на јавен обвинител на вишите јавни обвинителства.

3. Предлог за именување на јавни обвинители на основните јавни обвинителства.

4. Предлог за именување на заменици на јавниот обвинител на Република Македонија.

5. Предлог за именување на заменици на вишите јавни обвинители.

6. Предлог за именување на заменици на основните јавни обвинители.

7. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за територијална поделба на Републиката и определувањето на подрачјата на единиците на локалната самоуправа, со Предлог на закон.

8. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на промет на производи и услуги со Предлог на закон.

9. Предлог за донесување на закон за преземање на дел од долгот по новата финансиска спогодба од 1988 година и за издавање на обврзници на Република Македонија заради замена на тој долг со Предлог на закон.

10. Предлог за донесување на закон за изградба на

објекти.

I/3.-

11. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за j избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија.

12. Предлог на одлука за изменуваше на Одлуката за избор на претседател и членови на Комисијата за прашањата на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.

13. Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Економскиот факултет во Прилеп.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред? (Нема)

Кој е за предложениот дневен ред молам да крене рака? (67)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Како што се договоривме 9-тата точка да биде прва точка од дневниот ред.

Минуваме на 1-та точка од дневниот ред- Предлог за донесување на закон за преземање на дел од долгот по новата финансиска спогодба од 1988 година и за издавање на обврзници на Република Македонија заради замена на тој долг со Предлог на закон.

Дали претставникот на Владата има уште нешто во врска со законот? (Нема)

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (Никој)

I/4.-

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на Закон за преземање на дел од долгот по новата финансиска спогодба од 1988 година и за издавање на обврзници на Република Македонија заради замена на тој долг.

Кој е за тој заклучок, молам да крене рака? (74)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (75)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 8 став 1 со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

I/5.-

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (74)

Дали има некој против? (нема) Д

али некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за преземање на дел од долгот по новата финансиска спогодба од 1988 година и за издавање на обврзници на Република Македонија заради замена на тој долг.

Предлагам овде да ја прекинеме седницата, а кога ќе продолжиме,ќе ве известам дополнително.

(Седницата прекина со работа во 20,00 часот)